**Подигната самодоверба, целосно исполнети очекувања и успешно завршен процес на учење, вежбање и практична примена** се дел од импресиите на учесниците на тридневната Обука за обучувачи која ја организираше МЦМС по повод 25 годишниот јубилеј.



Од 2 до 4 октомври, **15 претставници на граѓанските организации** стекнуваа вештини и ја усовршуваа примената на алатките за подготовка и спроведување на обуката.

Марина Златевска од Македонскиот институт за медиуми рече дека на оваа обука **значително ги подобрила презентациските вештини**, кои ќе ги примени во иднина за време на сесиите кои сама ќе ги креира. „Запознав доста интересни луѓе, имаше одлична соработка и добра енергија во текот на трите дена. Ова беше одличен начин да се одбележат 25 години од работењето на МЦМС“, додаде таа.




Во текот на трите дена учесниците имаа можност **да ги подобрат своите**

**комуникациски, презентациски и фацилитаторски вештини, како и да се здобијат со знаење за техниките и методите за обука**
. На самиот крај, наученото успеаја практично да го преточат во дизајнирање на една сесија од обука која ја спроведоа пред останатите учесници и предавачите.

Обуката ја спроведоа Гонце Јаковлеска и Валентина Чичева од МЦМС, кои изразија задоволство од проактивниот пристап и желбата за учење кои ги покажаа учесниците.

МЦМС до крајот на месецот ќе спроведе уште една **обука за административно и архивско работење**, со што се потенцира улогата на организацијата во концептот на доживотно учење.